# ПРАВИЛНИК
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ВО ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Јуни, 2018 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр 09-543/1
08.06.2018 год
ДЕМИР КАПИЈА

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02) а во врска со член 7 став 1 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр.90/09, 188/13 и 192/15), Градоначалникот на Општина Демир Капија на ден 08.06.2018 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
## За користење на средствата за репрезентација во Општина Демир Капија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на користење на средствата за репрезентација, овластувањата за користење на средствата за репрезентација, одговорноста за наменско користење на средствата, видовите на репрезентација и постапката за користење на репрезентацијата во Општина Демир Капија.

**Член 2**

Средствата за репрезентација можат да се користат за намените утврдени со овој Правилник.

Средствата за репрезентација треба да се користат наменски и рационално.

## II. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

**Член 3**

Средствата за репрезентација се планираат во рамки на Буџетот на Општина Демир Капија.

Трошоците за репрезентација се обезбедени од Буџетот во рамките на категоријата стоки и услуги (потставка 426210 – Расходи за репрезентација).

**Член 4**

Средствата за репрезентација може да се користат во следните случаи:

- При посета на претставници на државните институции во Република Македонија, како и претставници на општините во Република Македонија;
- При посета на претставници на верски, невладини и спортски организации и здруженија на граѓани;
- При посета на претставници на странски општини, збратимени општини како и други странски институции на локално ниво со кои Општина Демир Капија започнува, развива и одржува соработка;
- При посета на претставници на странски делегации (државни делегации, самостојни и независни органи на други земји, меѓународни организации и други институции), претставници од дипломатско конзуларни претставништва во Република Македонија;
- При посета на експерти (странски и домашни) ангажирани врз основа на проекти, договори и слично;
- Одржување на работни состаноци што ги свикува општина Демир Капија, а се присутни и претставници надвор од општината (инвеститори, конференции за печат, работни состаноци на кои се присутни претставници од други државни органи, даватели или корисници на податоци, работа на проекти и слично);

- При работна посета во странски држави за кои што е издаден патен налог;
- При организирана посета на Единици на локална самоуправа, како и при посета на одредени културни манифестации надвор од Демир Капија за средби со инвеститори, бизнисмени и други;
- Други случаи за потребите на Општина Демир Капија (по повод јубилеи, годишнини, празници и друго).

## III. ВИДОВИ РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

**Член 5**

Средствата за репрезентација можат да се користат за:

- Послужување безалкохолни пијалоци;
- Послужување алкохолни пијалоци;
- Угостителски услуги (службен ручек, вечера, закуска и слично);
- За набавка на подароци за посебни пригоди, како сувенири и книги кои го отсликуваат културното и историското наследство на Република Македонија, марами, вратоврски, нотеси, канцелариски прибор (пенкала), календари и друг репрезентативен материјал;
- За останати намени кои имаат карактер на репрезентација (за изработка на покана, честитки, промотивни и слични материјали).

Средствата за репрезентацијата можат да се користат 7 дена во неделата.

## IV. ОВЛАСТУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ

**Член 6**

Право на користење на репрезентацијата во согласност со овој правилник имаат:

- Градоначалникот на Општина Демир Капија;
- Секретар на Општина Демир Капија;
- Претседателот на Совет на Општина Демир Капија и
- Други лица овластени од градоначалникот.

**Член 7**

За користење на репрезентацијата од член 5 од страна на лицата наведени во член 6 алинеја 2,3,4 од овој Правилник, согласност дава Градоначалникот на Општина Демир капија или лицето кое тој ќе го овласти.

**Член 8**

Плаќањето на трошоците за користење на средствата за репрезентација се врши преку фактура.

По исклучок од ставот 1 на овој член плаќањето на трошоците може да се врши и во готово но не повеќе од 6.000,00 денари со приложување на фискална сметка.

Во случај на користење на репрезентација надвор од одредбите и случаите од овој правилник, лицето која ја направило нарачката или има пречекорени износи должно е да ги надомести трошоците на сопствена сметка од наредната плата, освен ако со писмено одобрение од градоначалникот не му е признаен трошокот.

**Член 9**

Корисниците наведени во член 6 алинеја 2,3,4 од овој Правилник се должни до Секторот за финансиски прашања да доставаат Известување за реализирани трошоци за репрезентација на пропишан образец кој е составен дел на овој правилник.

Секторот за финансиски прашања води сметка дали трошењето на средствата е во рамките на обезбедените средства со Буџетот и доколку се јават поголеми трошоци од планираните, писмено го известува Секретарот на Општина Демир Капија.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

За сè што не е предвидено со овој Правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Општина Демир Капија
Градоначалник,
Лазар Петров

*Подготвил: Јулијана Гацева*

ОБРАЗЕЦ
ЗА РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Јас ______________________ вработена на работно место __________________

во Сектор/Одделение за ________________________________________________

во Општина Демир Капија ИЗВЕСТУВАМ дека на ден __________________ година

искористив средства за репрезентација во вкупен износ од _____________ денари

____________________ за службени потреби, поради

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

_____ (да се наведе видот на службената потреба)

Во прилог доставувам парафирана фактура/фискална сметка со што ги потврдувам трошоците за реализирани средства за репрезентација.

Име и презиме

________________

Потпис

________________

Име и презиме на овластено лице

______________________________

Потпис

______________________________